## 3.20 Претприемаштво

| Прилог бр.3.20 | | Предметна програма од прв циклус на студии | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | Претприемаштво | | | |
| 2. | Код | БАС-12ПРЕ | | | |
| 3. | Студиска програма | Менаџмент на квалитет | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Прв циклус на студии | | | |
| 6. | Академска година / семестар | Година | 1 | семестар | 2 |
| 7 | Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити | 7 ЕКТС | | | |
| 8. | Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник) | проф. д-р Таип Јакупи,<br>проф. д-р Лидија Стефановска (одговорен наставник)<br>виш пред. м-р Горазд Смилевски | | | |
| 9. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски | | | |
| 10. | Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот | нема | | | |
| 11. | Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето: | Цели на предметната програма:<br>• разбирање на суштината на претприемаштвото и улогите на претприемачот;<br>• способност за проценка на бизнис идеи;<br>• разбирање на суштината за организирање, менаџирање и развивање на сопствен бизнис;<br>• способност за анализа и оценка на факторите кои влијаат врз успехот на бизнисите;<br>• способност за идентификување на извори за финансирање на бизнис идеа/и;<br>• развивање способност за проценка на алтернативните можности за бизнис (купување на постоечки бизнис, франшиза и сл.)<br>• познавање на формите за организирање на трговските друштва;<br>• идентификација на можностите од одредени институции за поддршка на претприемаштвото;<br>• разбирање на предизвиците на семејните бизниси и е-бизнисите;<br>• креирање и развивање сопствени бизнис идеи преку изработка на целосен бизнис план.<br><br>Резултати од учењето:<br>• ја објаснува суштината на претприемаштвото;<br>• го аргументира претприемаштвото како реалност и митови;<br>• ги идентификува улогите на претприемачот и дефинира што е потребно за да се биде успешен претприемач;<br>• развива свест и претпазливост кон неличните потреби како основа за развој на деловен потфат; | | | |

| | | |
|---|---|---|
| | | • продуцира креативни бизнис идеи;<br>• проценува можности како значаен чекор во трансформирање на можностите во бизнис идеа;<br>• го разбира обемот и вредноста на бизнис планот за различните<br>• интересенти (инвеститори, кредитори, вработени, добавувачи);<br>• ги применува знаењата во самостојно креирање на бизнис план;<br>• покажува знаење за формите на организирање на бизнисите и<br>• самостојно одредува која форма да ја избере за неговата бизнис идеа;<br>• умее да состави финансиска конструкција за обезбедување на основни и обртни средства за бизнисот;<br>• ја оценува конкуренцијата и покажува способност да се справи со истата;<br>• демонстрира знаење за искористување на поволностите кои ги нудат институциите за поддршка на претприемништвото; |
| 12. | Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје | Поглавје 1: ПРИРОДА И ЗНАЧЕЊЕ НА ПРЕТПРИЕМАШТВОТО<br>1.1 Историски развиток на претприемаштвото;<br>1.2 Дефинирање на претприемаштвото;<br>1.3 Аспекти/фази на претприемачкиот процес;<br>1.4 Реалности на претприемаштвото;<br>1.5 Митови за претприемаштвото.<br>*Резултати:*<br>*Студентите ќе го разберат историскиот развој на претприемаштвото и неговото влијание врз современите деловни практики;*<br>*Ќе можат да го дефинираат претприемаштвото, да ги идентификуваат аспектите и фазите на претприемачкиот процес, и да ја анализираат реалноста на претприемачкиот живот;*<br>*Ќе ги препознаваат митовите за претприемаштвото и ќе развијат реални очекувања за предизвиците и можностите што ги носи претприемачкиот пат.*<br><br>Поглавје 2: ПРЕТПРИЕМАЧОТ - НЕГОВИТЕ УЛОГИ И КАРАКТЕРИСТИКИ ВО УСПЕХОТ НА ПРЕТПРИЕМАЧКИОТ ПОТФАТ;<br>2.1 Кој е претприемач?;<br>2.3 Димензии на личноста на претприемачот;<br>2.4 Карактеристики на претприемачот;<br>2.5 Како размислуваат претприемачите.<br>*Резултати:*<br>*Студентите ќе бидат во можност да го дефинираат поимот претприемач и да ја разберат неговата улога во успехот на претприемачкиот потфат;*<br>*Ќе научат кои се димензиите на личноста на претприемачот и како овие карактеристики влијаат на неговиот успех;* |

| | | |
|---|---|---|
| | | *Ќе разберат како размислуваат претприемачите и ќе го разберат нивниот начин на донесување одлуки, решавање на проблеми и прифаќање на ризици.*<br><br>Поглавје 3: ПРЕПОЗНАВАЊЕ МОЖНОСТИ И ГЕНЕРИРАЊЕ ИДЕИ;<br>3.1 Сонувачот и сонот, генерирање на претприемачки идеи;<br>3.2 Видови на соништа: Личен vs. Неличен сон;<br>3.3 Извори на нови идеи (потрошувачи, постојни производи и услуги, дистрибутери, владини прописи, иновации);<br>3.4 Осмислување на претприемачкиот потфат (што да се произведува, за кого и како?);<br>*Резултати:*<br>*Студентите ќе ги научат различните начини на генерирање претприемачки идеи;*<br>*Ќе научат да прават разлика помеѓу личните и нелични соништа и како тие се поврзуваат со претприемачката креативност и потребите на пазарот.*<br>*Ќе научат кои се изворите на нови идеи, како што се потребите на потрошувачите, подобрување на постојните производи, дистрибутерите и сл., и како да ги искористат за осмислување на нови претприемачки потфати.*<br><br>Поглавје 4: ИЗБОР И ДЕФИНИРАЊЕ НА ОДНОСИТЕ ВО ПРАВНИОТ ОБЛИК НА БИЗНИСОТ, ДЕФИНИРАЊЕ НА БИЗНИС МОДЕЛОТ;<br>4.1 Поим за трговско друштво и видови трговски друштва;<br>4.2 Поделба на организациите на микро, мали, средни и големи организации;<br>4.3 Постапка за регистрација на фирма, институции кои имаат улога и значење во процесот на регистрација;<br>*Резултати:*<br>*Студентите ќе можат да го дефинираат поимот трговско друштво и да ги препознаат различните видови трговски друштва, како и нивните специфичности;*<br>*Ќе научат да ги класифицираат организациите според нивната големина, како што се микро, мали, средни и големи организации;*<br>*Ќе го разберат процесот на регистрација на фирма, вклучувајќи ги институциите кои учествуваат во оваа процедура.*<br><br>Поглавје 5: ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРЕТПРИЕМАЧКИ БИЗНИСИ;<br>5.1 Начини на финансирање на претприемачкиот потфат;<br>5.2 Институции за поддршка на малиот бизнис и претприемништвото;<br>5.3 Обезбедување основни и обртни средства;<br>5.4 Кариерни можности во претприемаштвото: купување на постоечки бизнис, купување на франшиза.<br>*Резултати:*<br>*Студентите ќе ги разберат различните начини на финансирање на претприемачките бизниси и значењето на институциите за поддршка кои ги помагаат малите бизниси и претприемачите;*<br>*Ќе научат како да обезбедат основни и обртни средства за бизнисот согласно дејноста;* |

| | | |
|---|---|---|
| | | *Студентите ќе имаат знаење за можностите за започнување бизнис преку купување постоечки бизнис или франшиза.*<br><br>Поглавје 6: ИЗГОТВУВАЊЕ НА БИЗНИС ПЛАН – АНАЛИЗА НА ЕЛЕМЕНТИТЕ НА БИЗНИС ПЛАНОТ;<br>6.1 Структура на бизнис планот: анализа на клучните елементи на бизнис планот и нивната важност;<br>6.2 Трошоци, видови трошоци во бизнисот;<br>6.3 Профитабилност и одржливост на бизнисот.<br>*Резултати:*<br>*По завршувањето на ова поглавје, студентите ќе бидат во можност да ја разберат структурата на бизнис планот и да ги анализираат неговите клучните елементи;*<br>*Ќе научат да ги препознаат различните видови трошоци во бизнисот и нивната важност;*<br>*Студентите ќе умеат да ја анализираат профитабилноста и одржливоста на бизнисот, како основни фактори за долгорочен успех.*<br><br>Поглавје 7: ПРЕДИЗВИЦИ НА СЕМЕЈНИТЕ И Е - БИЗНИСИТЕ;<br>7.1 Семејни бизниси и нивна сукцесија на наредната генерација;<br>7.2 Карактеристики на семејните бизниси, бенефиции и предизвици;<br>7.3 Влијанието на семејната компонента врз бизнисот;<br>7.4 Карактеристики на е-бизнисите: интеграција на технологии и деловни процеси;<br>7.5 Флексибилноста, глобалноста и автоматизацијата како основни карактеристики на е-бизнисите.<br>*Резултати:*<br>*Со изучување на оваа тема студентите ќе можат да ги разликуваат карактеристиките и предизвиците на семејните бизниси, како и процесот на сукцесија на наредната генерација;*<br>*Ќе го разберат влијанието на семејната компонента врз бизнисот и како таа влијае врз успехот или неуспехот на бизнисот;*<br>*Ќе стекнат знаење за карактеристиките на е-бизнисите, како што се интеграција на технологии, флексибилност и глобалност и сл.* |
| 13 | Заемна поврзаност на предметите | Вовед во бизнис |
| 14. | Детален опис на наставните и работните методи за предметот | Наставата по предметот Претприемаштво се реализира преку комбинација на интерактивни предавања, практични вежби, студии на случај и индивидуална и групна работа, со цел да се овозможи сеопфатно разбирање на современите концепти и практики во областа на претприемаштвото.<br>Предавањата се организираат во форма на интерактивна настава каде што студентите се активно вклучени преку дискусии, прашања и мултимедијални презентации. Овој метод овозможува стекнување на теоретски знаења, но и нивна примена преку анализа на актуелни предизвици во областа.<br>Практичните вежби имаат за цел да ги зајакнат компетенциите на студентите преку симулации, решавање на конкретни задачи и примена на концептите во реални работни сценарија. Преку индивидуални и тимски активности, студентите развиваат |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | аналитички и истражувачки способности, како и практични вештини за решавање на проблеми.<br>Студиите на случај се користат како алатка за подобро разбирање на менаџерските предизвици во реалниот сектор. Преку анализирање на конкретни примери од деловната пракса, студентите развиваат критичко размислување и учат како да ги применат стекнатите знаења за идентификување и решавање на проблеми.<br>Индивидуалната и групната работа се важен дел од наставниот процес, бидејќи поттикнуваат активно учење, соработка и комуникациски вештини. Студентите имаат можност да работат на самостојни истражувања, како и да презентираат решенија за конкретни предизвици поврзани со претприемаштвото.<br>Со примена на овие наставни и работни методи, студентите се стекнуваат со применливо знаење, критичко размислување и практични вештини потребни за областа претприемаштво. | | |
| 15. | Вкупен расположив фонд на време | 189 часови | | |
| 16. | Форми на наставните активности | 16.1. | Предавања- теоретска настава. часови | 24 часа |
| | | 16.2. | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови | 24 часа |
| | | 16.3. | Пракса: часови | |
| 17. | Други форми на активности | 17.1. | Проектни задачи: часови | 24 часа |
| | | 17.2. | Самостојни задачи: часови | 52 часа |
| | | 17.3. | Домашно учење - задачи | 65 часа |
| 18 | Услови за потпис | Реализирани активности од точка 16 и 17 | | |
| 19 | Начин на оценување | | | |
| | 19.1. | Тестови: бодови | | 50 |
| | 19.2. | Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови | | 20 |
| | 19.3. | Присуство и активност | | 30 |
| 20 | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | | до 50 бода | 5 (пет) (F) |
| | | | 51 х до 60 бода | 6 (шест) (E) |
| | | | 61 х до 70 бода | 7 (седум) (D) |
| | | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) |
| | | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) |
| | | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | | Евалвации од студентите: Редовно спроведување на евалвации за оценување на наставниот процес, со фокус на содржината на предметот, методите на предавање, комуникацијата со студентите и јасноста на наставниот материјал.<br>Самоевалвација на наставниците: Наставниците вршат самооценка на своето предавање, оценувајќи ги своите методи на наставата, нивната ефективност и областите за подобрување.<br>Набљудување на наставата: Редовно набљудување на часовите од страна на колеги или менаџери за квалитет, со цел да се оценат методите на предавање и интеракцијата со студентите. | |

<table>
<tr><td></td><td colspan="3"></td><td colspan="3">Постигнување на образовни цели и резултати: Анализа на академските резултати на студентите, како и нивните вештини и способности што ги стекнале, во контекст на учењето.<br>Меѓународни акредитации и стандарди: Применување на меѓународни стандарди за квалитет во образованието и вршење на редовни проверки преку акредитации и оценки од надлежни институции.</td></tr>
<tr><td rowspan="11">22.</td><td colspan="6">Литература</td></tr>
<tr><td rowspan="5">22.1.</td><td colspan="5">Задолжителна литература</td></tr>
<tr><td>Ред. број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Стефановска Л., Смилевски Г.</td><td>Претприемаштво – компендиум</td><td>Бизнис академија Смилевски - БАС</td><td>2025</td></tr>
<tr><td>2.</td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>3.</td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td rowspan="5">22.2.</td><td colspan="5">Дополнителна литература</td></tr>
<tr><td>Ред. број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Beverly E. Jones</td><td>THINK LIKE AN ENTREPRENEUR, ACT LIKE A CEO</td><td>The Career Press, Inc.</td><td>2016</td></tr>
<tr><td>2.</td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>3.</td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
</table>